Култура

# Пијанистката Мимоза Ќека лауреат на фестивалот „Акордеон Арт плус" во Сараево

28/05/2018 17:14 | 92 прегледи

Пијанистката Мимоза Ќека ја освои првата награда на Меѓународниот натпревар на пијанисти „Акордеон Арт плус" во Сараево, Босна и Херцеговина.

Таа е лауреат во осмата категорија по пијано на фестивалот во чии рамки се одржаа 9. Интернационален фестивал по хармоника и Првиот меѓународен натпревар на пијанисти од 15 до 18 мај.

На фестивалот учествуваа повеќе од 350 музичари како и професори – предавачи од Германија, Франција, Србија, Хрватска, Русија, Швајцарија, Италија, Украина, Македонија, Словенија, Словачка, Босна и Херцеговина.

Мимоза Ќека (1994) започнува да учи пијано на петгодишна возраст. Основното и средното музичко образование завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски Луј", а 2015 година дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на одделот по пијано, во класата на проф. м-р Тодор Светиев. Член е на Сојузот на музички уметници на Македонија. Во 2017 година магистрира на одделот по музичка интерпретација – пијано под менторство на маестро Лилија Зилберштајн.

Настапува со соло – рецитали на музички настани, натпревари и фестивали во земјата, но и во странство./МИА

FACEBOOK

Lokalno
37,517 followers

Follow Page

Lokalno
17 seconds ago

Објавен идентитетот на ли
синоќа го загуби својот жив
вооружената престрелка в
Се работи за 35-годишниот
Буњаку, син на Екрем Буња
партијата ДУИ кој осум год
директор на Државната те
инспекција. Во инцидентот
братот на Хебиб кој подоцн
полицијата.



НАЈНОВО



Клиперс
трикрате
11/02/20



📷Дебит
Лејкерси
следеа А
Ферел...
11/02/20



Откриен
лицето к
синоќеш
11/02/20



📽Првит
Дончиќ г
11/02/20

📷Лејкерси ги почест... вив
гледаше дебито на Дончиќ со Ј